Врз основа на член 8, став 2, член 53 од Статутот на Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови Генерали Инвестментс АД Скопје (во понатамошниот текст: Друштво), како и врз основа на Стандардите за наплатување надоместоци и провизии усвоени од Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на 07 ноември 2023 година, Одборот на директори на Друштвото на ден 29.12.2023 година, го усвои следниот:

# **Т А Р И Ф Н И К**

## **за висина на надоместоците за вршење на работи на управување со средства (портфолио) по налог и за сметка на индивидуален клиент и инвестиционо советување**

### **1. Надоместоци за вршење на работи на управување со средствата за сметка на индивидуален клиент**

Надоместоците кои ќе ги пресметува и наплатува Друштвото се следниве:

- Влезна провизија – до 3% + ДДВ
- Управувачка провизија- до 2% +ДДВ ( се пресметува годишно, а се наплатува месечно)
- Провизија за успех – до 20% + ДДВ ( се пресметува и наплатува квартално )

Дополнителни надоместоци кои Друштвото ќе ги пресметува и наплатува се следниве:

При секоја трансакција со финансиски инструменти, Друштвото ќе пресметува и наплаќа надоместоци на посредничка куќа, останати трошоци поврзани со трансакциите и нивното порамнување, трошоците за одржување на сметка и сите трошоци кои ќе произлезат од тргувањето на хартии од вредност согласно соодветните важечките тарифници, како и трошоци за купување и продавање на странски валути. Даноците не се вклучени во надоместокот за извршување на услугите за клиентот и се пресметуваат согласно важечкото законодавство.

### **2. Надоместоци за вршење на работи за инвестиционо советување на клиенти**

- Термин од 1 работен час – 3.000 МКД + ДДВ

### **3. Ослободувања и/или намалувања на одредени надоместоци**

Друштвото за управување може да ја менува висината на надоместоците, врз основа на еден или двата од следниве критериуми:

- сеопфатниот деловен однос што клиентот го има со Друштвото; и
- потребите и целите на клиентот со цел да се загарантираат најповолни услови за клиентот.